# УПАТСТВО

## за изработка и реализација на модифицирана наставна програма за ученици со комплексни потреби во основното образование

**Член 1**

Со ова Упатство се уредува начинот на изработка и реализација на модифицирана наставна програма за ученици со комплексни потреби во основното образование.

## МОДИФИЦИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

**Член 2**

Модифицираната наставна програма е наменета за ученици со комплексни потреби кои имаат повеќестепени тешкотии, повеќестепени нарушувања, повеќе дијагнози, комплексни здравствени потреби и потреба од голема и интензивна помош и поддршка.

Со модифицираната наставна програма се определуваат резултатите од учењето базирани на компетенциите со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи.

Модифицираната наставна програма се изработува за секој воспитно-образовен период на основното образование.

## ИЗРАБОТКА НА МОДИФИЦИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

**Член 3**

Појдовна основа при изработка на модифицирана наставна програма за ученик со комплексни потреби се наставните програми, податоците за ученикот (педагошки профил на ученикот) и податоците за инклузивниот тим за ученикот (имиња и позиции на членовите на тимот за изработка и реализација на модифицираната наставна програма).

**Член 4**

Инклузивниот тим за ученик изработува модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост, во согласност со неговите индивидуални потенцијали и потреби, во рок од 30 дена од денот на започнувањето на наставата на ученикот во училиштето или, пак, од денот на утврдувањето на потребата за стекнување одредени знаења и вештини по модифицирана наставна програма и заедно со училишниот инклузивен тим ги спроведуваат мерките за поддршка во учењето, во согласност со препораките од службите за функционална проценка.

При изработката на модифицираната наставна програма, основното училиште во кое учи ученикот (инклузивниот тим за ученик), основното училиште со ресурсен центар или центарот за поддршка на учењето заедно ги планираат наставните содржини и активности кои ученикот ќе ги реализира во основното училиште со ресурсен центар, а за кои е потребна посебна поддршка и приспособувања.

Во модифицираната наставна програма, во рамките на предвидените часови со наставниот план и наставните програми, се планираат и часови за поддршка на ученикот при совладување на наставните содржини и активности кои ќе се реализираат преку методи и начини на поучување, специфични за индивидуалните потреби на ученикот, од страна на стручни лица со специјализирано знаење.

### Член 5

Модифицираната наставна програма се изработува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат:

- Резултати од учење (приспособени резултати од учење од наставната програма со кои ученикот треба да стекне одредени компетенции/знаења, вештини, ставови и вредности).
- Содржини и поими (избрани и приспособени содржини на наставната програма по соодветниот предмет со кои ученикот треба да стекне вештини за самостојна грижа и за извршување на културно-хигиенски навики, здраво живеење, психомоторни функции, основна комуникација, интерперсонални односи, општествени односи и однос со надворешната околина). Наставникот може да додаде и други содржини со кои се стекнуваат вештини за личен и социјален развој.
- Приспособување на пристапот/наставни стратегии и ресурси/разумно приспособување:
  - Простор и услови (каде ќе се реализира содржината и во кои услови: училиште, училница, во домашни услови и др.).
  - Активности и методи (флексибилност во изборот на активности и методи кои се во насока на реализација на поставените стандарди за оценување).
  - Наставни средства и асистивна технологија (флексибилност во изборот на наставни средства и асистивна технологија во насока на реализација на поставените стандарди за оценување).
- Дополнителни мерки за поддршка (мерки за поддршка кои ги нуди училиштето, поддршка препорачана од службата за функционална проценка, поддршка на ученикот при совладување на наставните содржини која ќе се реализира преку методи и начини на поучување, специфични за индивидуалните потреби на ученикот, од страна на стручни лица со специјализирано знаење).
- Стандарди за оценување (приспособени стандарди за оценување).
- Начин на вреднување на постигањата (се наведуваат инструментите со кои наставникот континуирано ги следи активностите на ученикот за време на поучувањето и учењето и прибира информации за неговиот напредок и неговото постигање на очекуваните стандарди за оценување) (прилог 1).

Секој наставник кој му предава на ученик по модифицирана наставна програма и за кој изработува модифицирана наставна програма, во планирањето на часот (сценарио на часот), меѓу другото, планира

и резултати од учењето, диференцирани стандарди за оценување и диференцирани/индивидуализирани активности и методи.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО МОДИФИЦИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

### Член 6

Наставата за учениците со комплексни потреби се реализира во основните училишта според модифицирана наставна програма на наставните програми.

Учениците со комплексни потреби може да следат дел од наставата и во училиштата со ресурсен центар или во центрите за поддршка на учењето кои располагаат со специјализирано знаење, услуги и опрема.

Часовите за поддршка на ученикот при совладување на наставните содржини и активности кои ќе се реализираат  преку методи и начини на поучување, специфични за индивидуалните потреби на ученикот, од страна на стручни лица со специјализирано знаење, може да се реализираат во училиштето во кое учи ученикот (поддршка од страна на стручните соработници од училиштето) и во основното училиште со ресурсен центар или во центарот за поддршка на учењето.

## ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗМЕНИ НА МОДИФИЦИРАНАТА НАСТАВНА ПРОГРАМА

### Член 7

Евалуација на модифицираната наставна програма се врши најмалку два пати во текот на една учебна година од страна на инклузивниот тим за ученик, при што е неопходно да се направи анализа на планираното со модифицираната наставна програма, како и на ефективноста на наставните стратегии кои се предвидени со модифицираната наставна програма.

Доколку ученикот не ги постигне поставените стандарди за оценување во предвидениот временски период, се врши ревидирање на модифицираната наставна програма.

## СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СПОРЕД МОДИФИЦИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

### Член 8

Учениците кои следат настава според модифицирана наставна програма се оценуваат описно во сите воспитно-образовни периоди на основното образование, во согласност со индивидуалното постигање на поставените резултати од учењето.

За таа цел, наставниците во основните училишта каде што се реализира модифицираната наставна програма водат портфолио за напредокот, постигањата и рехабилитациските активности на ученикот.

За учениците кои следат настава по модифицирана наставна програма оценувањето се врши во согласност со ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните приспособени резултати од учењето.

**Член 9**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр.: 02-2006/2

Година: 4.11.2022

В.д. директор на Биро за развој на образованието:
Зеќирија Хасипи

Наставен предмет: ______________________

Име и презиме на ученикот: ______________________

Одделение: ______________________

Основно училиште: ______________________

| Резултати од учење | Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
| --- | --- | --- |
| | | |
| Прилагодени резултати од учење од наставната програма со кои ученикот треба да стекне одредени компетенции (знаења, вештини, ставови и вредности). | Прилагодени содржини на наставната програма по соодветниот предмет со кои ученикот треба да стекне вештини за самостојна грижа и обавување на културно хигиенски навики, здраво живеење, психомоторни функции, основна комуникација, интерперсонални односи, општествени односи и однос со надворешната околина. | Прилагодени стандарди за оценување. |

| Прилагодување на пристапот (наставни стратегии и ресурси /разумно прилагодување) | | |
| --- | --- | --- |
| Простор и услови | Активности и методи | Наставни средства и асистивна технологија |
| Каде ќе се реализира содржината и во кои услови (училиште, училница, во домашни услови и др). | Флексибилност во изборот на активности и методи кои се во насока на реализација на поставените стандарди за оценување. | Флексибилност во изборот на наставни средства и асистивна технологија во насока на реализација на поставените стандарди за оценување. |

| Дополнителни мерки за поддршка | Начин на вреднување на постигањата |
| --- | --- |
| Мерки за поддршка кои ги нуди училиштето, поддршка препорачана од службата за функционална проценка, поддршка на ученикот при совладување на наставни содржини, која ќе се реализира преку методи и начини на поучување, специфични за индивидуалните потреби на ученикот и од страна на стручни лица со специјализирано знаење. | Се наведуваат инструментите со кои наставникот континуирано ги следи активностите на ученикот за време на поучувањето и учењето и прибира информации за неговиот напредокот и постигнување на очекуваните стандарди за оценување. |